РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1045/5
30-07-2026 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 37-та седница одржана на 29.07.2026 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по предметот број 12-1045/1 од 06.03.2026 година, оформен по доставена пријава со наводи за сомневање за незаконски избор во наставно-научни звања на Државниот Универзитет во ------------, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за натамошно постапување за предметниот случај од причина што за пријавените наводи постапил друг надлежен орган и не констатирал неправилности.

Предметот со број 12-1045/1 од 06.03.2026 година, да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на непознат подносител, на ден 06.03.2026 година доставена е пријава со наводи за сомневање за незаконски спроведена постапка за избор во наставно-научни звања на Државниот Универзитет во --------- и оформен е предмет број 12-1045/1 од 06.03.2026 година. Во пријавата се укажува на сомневање дека лицата ------ --------------------, ----------- -----------, -------------------- ------------, ----------- ------------, ---------- ----------- и ------ ------------ биле избрани во наставно-научни звања на Државниот Универзитет во --------- спротивно на одредбите од Законот за високо образование.

Во насока на проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба по предметот, ДКСК побара од Државниот просветен инспекторат да постапи согласно своите законски надлежности и да изврши вонреден инспекциски надзор на Државниот Универзитет --------- по однос предметните наводи со достава на прилог документација од извршениот надзор.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

По барањето на ДКСК доставени се одговори со прилог документација и по разгледување на целокупната документација по предметот констатирано е следното:

Државниот просветен инспекторат на РСМ веќе постапил по однос пријавените наводи врз основа на претходно поднесена пријава од страна на бивши студенти и професори на Државниот Универзитет ------------ која била доставена до МОН и била заведена со број. 08-12584/1 од 19.11.2024 година, по што истата била препратена на надлежност до Државниот просветен инспекторат која била заведена под број ИП1 бр. --/- ------- од --.--.-------- година по што од страна на овластен просветен инспектор на 04.12.2024 година бил извршен вонреден инспекциски надзор на предметниот Универзитет. При извршениот надзор била утврдена фактичка состојба и не биле утврдени неправилности во работењето на субјектот на надзор. При надзорот било утврдено дека предметната постапка за вработување била реализирана согласно Законот за високо образование и согласно член 83 став 5 од Законот за инспекциски надзор постапката е запрена.

Од сето погоре наведено, ДКСК утврди дека за предметниот случај постапил друг надлежен орган - Државниот просветен инспекторат на РСМ, кој во рамките на своите законски надлежности извршил вонреден инспекциски надзор при што не утврдил неправилности во работењето на субјектот на надзорот – Државниот Универзитет ---------.
Оттаму, ДКСК оцени дека нема елементи за натамошно постапување по предметот и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

Изготвил: П.Б.,советник
Контролирал Ј.Ц, раководител на одделение
Согласен: м-р И.П. Раководител на сектор
Одобрил: м-р Б.К.Ш., Член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk